Врз основа на заклучокот донесен на седницата на Собранието на Сојузот на здруженија на пензинерите на Македонија, одржана на 19. март 2015 година, Стручната служба на СЗПМ утврди Пречистен текст на Правилникот за Ревии на песни, музика и игри на Сојузот на здруженија пензионерите на Македонија.

Пречистениот текст на Правилникот за Ревии на песни, музика и игри на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија ги опфаќа: Правилникот за Ревии на песни, музика и игри на СЗПМ донесен на седницата одржана на 29. февруари 2012 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Ревии на песни, музика и игри на СЗПМ донесен на седница одржана на 19. март 2015 година, во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

# П Р А В И Л Н И К

## за Ревии на песни, музика и игри на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија (Пречистен текст)

Член 1

Со овој правилник се уредува организацијата, составот и начинот на Ревиите на песни, музика и игри (во натамошниот текст: ревии) во рамките на културно - уметничка и забавна дејност на здруженијата на пензионерите, организирани од Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија (во натамошниот текст: Сојузот)

Член 2

На ревиите можат да учествуваат само корисници на пензија од здруженија на пензионери - членки на Сојузот.

Член 3

Ревиите на корисниците на пензија имаат ревијален, а не натпреварувачки карактер.

### ОРГАНИЗАЦИЈА И СОСТАВ

Член 4

За организацијата на ревиите, организирани од Сојузот се грижат Организационен одбор и Комисија за културно - забавен живот,

формирани од Извршниот одбор на Сојузот како и здружението на пензионери - домаќин.

Член 5

Одборот се состои од тринаесет членови во него влегуваат: претседателот на СЗПМ, потпретседателот на Собранието, потпретседателот и секретарот на Извршниот одбор, претседателот на Комисијата за културно - забавен живот на СЗПМ и претседатели на осум здруженијана пензионери домаќини на регионалните ревии.

Член 6

Секој регион се состои од здруженија кои меѓу себе се територијално најблиску заради економичност и жанровски аспект, со цел секој регион да е застапен со хорски напеви, изворен фолклор, староградски игри, кореографии и традиционални елементи како обележја на регионот.

Член 7

На ревиите, со исклучок на член 2 на овој правилник, во оркестрите може да учествуваат и инструменталисти кои не се корисници на пензија или не се членови на тоа здружение и тоа најмногу до двајца инструменталисти кои се неопходно потребни да се изведе ревијата.

Инструменталисти, играорни групи и пеачи - пензионери, можат да учествуваат на ревии исклучиво во здруженија на пензионери каде што членуваат.

Член 8

Поради зголемување на бројот на здруженија кои имаат свои културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли, пеачки групи, оркести, солисти и слично чиј број постојано се зголемува, сметано од 2015 година, ревиите ќе се одржуваат во осум региони.

Член 9

Настапите на ревиитие се временски ограничени и зависат од бројот на здруженијата на тој регион, но најмногу во траење од два часа.

## НАЧИН НА РАБОТА

Член 10

Времето на траење на ревијата од член 9 на овој  правилник зависи од содржината на ревијата со која се претставуваат здруженијата.

Хорските изведби се определуваат најмногу до три песни, соло изведбите на две песни, оркестрите со изворни, односно народни песни до четири минути, за соло оркестарска изведба две минути.

Ако се работи за колажна програма со застапена традиција, обичај, песни и ора, настапите може да траат и подолго, но најмногу до 10 минути.

Член 11

На настапите на ревиите не е дозволено користење на демо снимки односно плеј-бек настап со ЦЕ-ДЕ

Член 12

На ревиите може да се застапени и лични творби - поезија, а настапот да трае најдолго 4 минути.
Авторите не се должни личните творби да ги пријават со целосен текст, а на народностите треба да бидат со превод на македонски.

Член 13

Ако временските услови дозволуваат, ревиите започнуваат со дефиле низ градот со цел да привлечат поголем број на посетители во функција на информирање за културно-уметничкиот настан- пензионерска ревија.

Ревиите може да бидат проследени и со други содржини како: изложба на ракотворби, изложби на носии или делови од истите и други уметнички дела на пензионерите.

Член 14

На ревиите не е дозвилено да учествуваат професионални или полупрофесионални ансамбли за да не се изгуби целта на ревиите: да се прикаже културното живеење на корисниците на пензија.

Во рамките на ревиите, а со цел за развивање и негување на меѓугенерациска солидарност и соработка, домаќинот може да организира пропратни манифестации со пионери и младинци. Тие, како вовед на ревиите, може да изведуваат музички точки, работилници за изработка на слики и други предмети.

Член 15

За ревиите како настан за корисниците на пензија според здруженија на пензионери, се определуваат во осум региони и тоа

1. **Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево.**

2. **Карпош, Ѓорче Петров, Тетово, Шуто Оризари, Бутел и Тафталиџе.**

3. **Кисела Вода, Воени пензионери, Гази Баба, ОВР, Сарај и Солидарни пензинери- Илинден.**

4. **Куманово, Солидарност - Аеродром, Крива Паланка, Чаир, Центар и Кратово.**

5. **Струмица, Пробиштип, Штип, Свети Николе, Злетово, Радовиш, Ново Село и Лозово.**

6. **Велес , Неготино, Кавадарци, Богданци, Гевгелија, Дојран, Валандово и Демир Капија.**

7. **Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар.**

8. **Гостивар, Кичево, Македонски Брод, Охрид, Вевчани, Струга, Дебар и Лабуништа.**

Член 15

Сојузот може да организира Републичка ревија на песна, музика и игри.

На ревијата од став 1 на овој член учествуваат дваесет и пет најдобри учесници од осумте региони, избрани од Организациониот одбор и Комисијата за културно-забавен живот, на предлог на Селекторот.

Од најдобрите учесници на ревијата од став 1 на овој член Организациониот одбор бира здружение на пензионери за учество на Фестивалот на Трета животно доба во Љубљана.

На одреден временски период Сојузот може да организира и јубилејни Ревии на песни, музика и игри.

Член 16

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето,

**СЗПМ**